# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛВАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2022 -2024 год.

Самоевалвацијата за работата на училиштето за изминатите 2 години(2022-2024год.),ја реализираа 7 тимови според 7 подрачја ,а тие тимови беа избрани на Наставничкиот совет на ден 30.11.2023 год. Во тимот се вклучени 14 наставници и училишниот психолог како координатор како и ученици.Работата на тимовите ја координираше Светлана Ристоска-училишен психолог и одржуваше состаноци за давање инструкции и материјали за работата на тимовите како и ги изготви анкетите за наставници,ученици и родители.Обработката и анализата на резултатите од анкетите ги правеа тимовите заедно со учениците.

Во самоевалуацијата се анкетирани вкупно 380 ученици од III и IV година или 52.11% од вкупниот број на ученици од III и IV година, 380 родители и 159 наставници(од трите наставни јазици) и тоа :60 ученици и 60 родители на македонски наставен јазик или 37%, 300 ученици и 380 родители на албански наставен јазик или 34 % и 20 ученици и 20 родители на турски наставен јазик или 52 %. Во анкетирањето беа опфатени ученици од сите класови,наставни јазици од III и IV година години по случаен избор (парните броеви во Е-дневник). При собирање на податоците беа реализирани интервјуа со: директорот,помошниците на директорот,психолог,педагог,раководители на смаени,шеф на практична настава,секретар,благајник и книговодител,наставници,ученици и родители.

Задавањето и собирањето на анкетите беше од 01.02.2024 – 09.02.2024 год а обработката траеше до 11.03.2024 . Резултатите се презентираат на Наставнички совет како највисок орган за работа на училиштето.а потоа и на Училишен одбор.Како ресурси беа користени:

**Ресурси:**

- Анкета на ученици, наставници и родители
- Интервју со наставници
- Интервју со стручна служба ( психолог,педагог)
- Интервју со одговорни на смена
- Интервју со одговорен за практична настава
- Интервју со директор
- Интервју со пом. директори

- Интервју со секретар и благајник
- Интервју со ученици и родители
- Програмски документи според кои работи училиштето(Годишна програма за работа на училиштето,акциски планови и програми,кодекси,правилници и процедури,Закон за средно образование,Напатствија од МОН,БРО,ЦСОО, и сл.)

## УЧЕСНИЦИ ВО ТИМОВИТЕ ЗА САМОЕВАЛВАЦИЈА

## I. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Тим 1:** 1. **Тамара Стефановска**

**2. Нермине Муради**

**3. Ученици**

**1.1. Реализација на наставни планови и програми**

1.1.1. Примена на наставни планови и програми

1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми

1.1.3. Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби

1.1.4. Избирање на изборни наставни предмети

1.1.5. Реализација на проширени програми

**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**

1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала

1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставни помагала

1.2.3. Интегрирање на општите цели во образованието

1.2.4. Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми

**1.3. Вонннаставни активности**

1.3.1.Обем и разновидност на планирани и реализирани вонннаставни активности

1.3.2. Опфатеност на учениците со вонннаставни активности

1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонннаставните активности

1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонннаставни активности

## II. <u>ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ</u>

**<u>Тим 2:</u>** **1. Медија Бафтијари**

**2. Моника Јовановска**

**3. Ученици**

**2.1. Постигања на учениците**

2.1.1. Следење на постигањата на учениците од различен пол,етничка припадност и наставен јазик

2.1.3. Идентификација на учениците со потешкотии во учењето,надарени и ученици со посебни потреби

2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовна,дополнителна и додатна настава

2.1.5. Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование

**2.2. Задржување/осипување на учениците**

2.2.1. Опфат на учениците

2.2.2. Редовност во наставата

2.2.3. Осипување на учениците

2.2.4. Премин на учениците од едно во друго училиште

**2.3. Повторување на учениците**

2.3.1.Ученици што не ја завршуваат годината

## III. <u>УЧЕЊЕ И НАСТАВА</u>

**<u>Тим 3</u>:** **1. Александра Тимосиевска**

**2. Санида Исмани**

**3. Ученици**

**3.1. Планирање на наставата**

3.1.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците

3.1.2. Индивиндуелни планирања на наставниците

3.1.3. Размена на искуства и информации при планирањето

3.1.4. Распоред на часови

**3.2. Наставен процес**

3.2.1 .Наставни форми и методи

3.2.2. Избор на задачи, активности и ресурси

3.2.3. Интеракција меѓу наставниците и учениците

3.2.4. Следење на наставниот процес

**3.3. Искуства на учениците од учењето**

3.3.1. Средина за учење

3.3.2. Атмосфера за учење

3.3.3. Поттикнување на учениците за превземање на одговорност

3.3.4. Инеракција на учениците меѓу себе и со возрасните од училиштето

**3.4. Задоволување на потребите на учениците**

3.4.1. Идентификување на образовните потреби на училиштето

3.4.2. почитување на различните потреби на учениците во наставата

**3.5. Оценувањето како дел од наставата**

3.5.1. Училишна политика за оценување

3.5.2. Методи и форми на оценување

3.5.3. Користење на информации од оценувањето во наставата

**3.6. Известување за напредокот на учениците**

3.6.1. Известување за родителите за напредокот на учениците

## IV. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Тим 4: **1. Аријета Мемедали Усеини**

**2. Александра Трпковска**

**3. Ученици**

**4.1. Севкупна грижа за учениците**

4.1.1. Заштита од физички повреди и елементарни непогоди

4.1.2. Превенција од насилство

4.1.3. Заштита од пушење,алкохол и дрога

4.1.4. Квалитет на достапна храна

4.1.5. Поддршка на ученици со телесни пречки во развојот

4.1.6. Грижа за учениците од социјално загрозени семејства

**4.2. Здравје**

4.2.1. Хигиена и заштита од болести

4.2.2.Грижа за учениците со здравствени проблеми

**4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

4.3.1.Пружање помош при избор на занимање/институција, за понатамошно образование,доусовршување или вработување

4.3.2.Грижа за учениците со емоционални потешкотии

**4.4. Следење на напредокот**

4.4.1. Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците

4.4.2. Анализа на напредокот на учениците по паралелки

## V. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

**Тим 5 :** **1. Маја Симовска**
**2. Едона Ферати**
**3. Ученици**

**5.1. Училишна клима и односи во училиштето**

5.1.1. Углед и имиџ на училиштето

5.1.2. Кодекс на однесување

5.1.3. Училишна клима

5.1.4. Поведение и дисциплина на учениците во училиштето

5.1.5. Партиципација на учениците во решавање на проблем и донесување на одлуки

**5.2. Промовирање на постигањата**

5.2.1. Промовирање на личните постигања на учениците

5.2.2. промовирање на постигањата во име на училиштето

**5.3. Развојно планирање**

5.3.1. Познавање на правата на децата

5.3.2. Еднаков и правичен третман на сите ученици

**5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловна заедница**

5.4.1. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

5.4.2. Соработка на училиштето со родителите

5.4.3. Соработка со локалната заедница

5.4.4. Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор

**VI. <u>РЕСУРСИ</u>**

**<u>Тим 6 :</u>** **1. Сабир Мустафи**

**2. Нурдан Јаја** **3. Ученици**

**6.1. Сместување и просторни капацитети**

6.1.1. Просторни услови

6.1.2. Искористеност на просторните капацитети

**6.2. Наставни средства и помагала**

6.2.1. Опременост на училиштето/ училишната библиотека со стручна литература и наставни средства и помагала

6.2.2. Училишна библиотека

6.2.3. Потрошен материјал

**6.3. Обезбедување на потребниот материјал**

6.3.1. Број на вработени и соодветност на наставниот кадар

6.3.2. Ефективност и распоредување на кадарот

6.3.3. Стручната служба како поддршка на наставниот кадар

**6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

6.4.1. Професионален развој на наставниците

**6.5. Финансиско работење во училиштето**

6.5.1. Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финасиско работење

6.5.2. Транспарентност во планирањето на трошењето на училишниот буџет

**VII. <u>УПРАВУВАЊЕ,РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНА ПОЛИТИКА</u>**

**<u>Тим 7 :</u>** **1. Елена Раичевиќ**

**2.Назире Џемаили**

**7.1. Управување и раководење со училиштето**

**7.2.Цели и креирање на училишна политика**

7.2.1. Јасност и соодветност на целите

7.2.2. Процедури за креирање на училишна политика

**7.3. Развој и планирање**

7.3.1. Цели на развојно планирање

7.3.2. Професионален развој –стручно усовршување на кадарот

7.3.3. Материјално – технички средства

7.3.4. Инфраструктура

**Од направената SWOT** анализа се добиени следните резултати:

**СИЛНИ СТРАНИ:**

1. Наставата целосно се реализира според наставните планови и програми на МОН и БРО

2. Учениците и родителите се целосно информирани за наставните планови од кои имаат информации за наставните предмети кои учениците ги изучуваат во таа наставна година, при што учениците самостојно избираат изборните предмети кои ќе ги следат во трета и четврта година.(зборот го прават самите ученици заедно со родителот на анкета која ја задава училиштето на учениците пред завршување на втора  и трета година)

3.Примена на современи методи и техники во наставата, каде ученикот е активен субјект во наставата ,преку реализација на наставните планови и програми

4. Континуиран увид во бројот на учениците во училиштето и редовно следење и анализа на нивниот успех и поведението во текот на цела учебна година од страна на клсните раководители и стручната служба

5. Афирмирање на училиштето преку учество на ученици на натпревари

6. Реализација на наставата со предходно изготвени планирања од страна на наставниците за цела учебна година за секој наставен предмет и изготвени критериуми и стандарди за оценување на учениците за секој наставен предмет

7.Успешна соработка и комуникација на училиштето со родителите и учениците преку: групни и индивидуални родителски средби,советување на родители и ученици кои имаат слаб успех,нередовно ја посетуваат наставата или манифестираат несоодветно однесување за време на наставата

8. Позитивен и професионален однос кон учениците и родителите

9. Постои интеракција меѓу учениците и наставниците за време на наставата и позитивна атмосфера и дисциплина

10. Родителите се известуваат навремено за напредокот на учениците преку различни форми: СМС пораки,евидентни листови,родителски средби,телефонски од страна на класните раководители,советување на родителите

11.Целосна поддршка на учениците од страна на наставниците, стручната служба и управата на училиштето во прилагодување кон наставниот процес и успешно решавање на проблематични ситуации при разрешување на конфликти.

12. Навремена и редовна стручна помош на стручната служба(психолог, педагог) во поддршка и пружење на секаков вид на помош во различни ситуации во кои се нашле учениците но и стручна помош на наставниците во реализација на наставата од секој аспект

13.Изготвени програмски документи за работа на училиштето ( Статут на училиште, Програма за работа на училиштето,Програми на психолог,педагог,Акциски планови, Правилници,Куќен ред,Процедури и Кодекси)

14.Придржување и креирање на училишна полотика според Програмските документи во работењето на училиштето во однос на надлежностите и целите на работење на раководната структура( нормативот за вработување, Статутот на училиштето, Законот за работни односи и Законот за средно образование)

15.Јасно и транспарентно информирање на вработените, учениците, родителите за наставниот процес на наставнички и класни совети, родителски средби, советувања на учениците и родителите и други тековни активности

16. Континуиран професионален развој на наставниците преку учество на семинари, вебинари, проекти, работилници со цел да се подобри квалитетот на наставата
17.Реализација на наставата по распоред, на три наставни јазици, во две смени, при што учениците учат заедно, не се поделени во смени или по спратови
18.Реализација на сите активности во училиштето е врз основа на недискриминаторна политика и меѓуетнички карактер и интеграција на учениците и вработените
19.Наставата се одвива во нова училишна зграда која нуди одлични услови за работа, училници,кабинети и спортска сала
20.Подобрени материјално-технички услови за работа( сменети сијалици, реновирани тоалети, нови влезни врати, фотокопир, принтер, нагледни средства и др.)
Транспарентно финансиско работење на училиштето според изготвен финансиски план за тековната година
21.Финансиско работење врз основа на предходно изготвен план за работа на училиштето кој е усвоен од Советот на општина Тетово
22. Транспарентност во планирање и трошење на училишниот буџет

## СЛАБИ СТРАНИ :

1. Нецелосна реализација на дополнителната и додатна настава,воннаставните активности и слободните часови на училиштето поради :

- Недостаток на простор,
- Обемност на неделниот број на часови (секој ден учениците имат 6 или 7 часа и плус практична настават)
- Учениците се врзани со превоз поради фактот што училиштето е надвор од градот и поради тоа ако не заминат во периодот кога оди превозот,сами треба да го плаќаат истиот со друга превозно возило во друг термин)

2. Недоволна опременост на кабинетите со нагледни средства
3. Недостаток на простории-кабинети во Медицински центар за реализација на практичната настава
4. Недоволен фонд на стручна литераура и лектири како и учебници за учениците
5. Недоволна примена на интерактивни методи во наставата од страна на наставниците
6. Недоволна посетеност на наставните часови
7. Недоволна мотивираност на талентираните и надарени ученици

8. Недоволно активности на вработените надвор од училиштето како екскрзии и слично , за подобар квалитет на меѓучовечките односки на вработените

**ПРИОРИТЕТИ :**

1. Доопремување на кабинетите со нагледни средства, училишната библиотека со со лектири и стручна литература
2. Обезбедување на просторни услови - кабинети во Клиничкиот центар во Тетово за реализација на практичната настава
3. Изнаоѓање начини,простории и временска рамка за континуирана реализација на дополнителната, додатната настава, слободните часови на училиштето и вонтаставните активности

4. Поголемо следење на реализацијата на наставата со цел за подобар квалитет на истата (примена на интерактивни методи,оценување на учениците и сл.) преку зголемен увид и посета на часовите на наставниците
5. Изнаоѓање на начини за соработка со родителите кои се на привремена работа во странство и немаат контрола и увид врз напредокот на своите деца и соработка со бизнис заедницата
6. Организирање на заеднички активности,екскурзии и др. за вработените надвор од училиштето за подобрување на меѓучовечките односи меѓу вработените во училиштето
7. Поголема мотивираност на талентираните ученици од страна на училиштето